Групацијата *LIBERTY Steel Group*, како дел од *GFG Alliance*, е глобална компанија за челик и рударство со над 30.000 вработени на повеќе од 200 локации на четири континенти. Тоа е меѓународен бизнис со интегрирана понуда - од производство на течен челик направен од суровини и рециклирани материјали до челици со голема прецизност и придружни услуги, достапни за клиенти ширум светот.













Либерти Скопје, како дел од Либерти Стил Групацијата, е еден од најголемите производители на челични производи на Балканот и нуди ладновалани, поцинкувани и пластифицирани производи, главно за сегментот на општа индустрија на регионалниот пазар. Ние веруваме дека нашата позиција во челичната и рударската индустрија носи уникатни можности. За потребите на нашата компанија, односно одделот за Финансии, ги покануваме сите заинтересирани лица да аплицираат за следната позиција:

# Практикант во финансии

Практикантот ќе има можност да стекне сеопфатно познавање и практично искуство во различни области на финансии и сметководство. Во текот на праксата, учесникот ќе биде активно вклучен во секојдневното работење на секторот и ќе има можност да придонесува во процеси поврзани со:

- Сметководствени активности во согласност со сметководствените стандарди и принципи, како и со сите релевантни закони и прописи
- Уредно водење на документацијата во согласност со сметководствените стандарди
- Следење на поставените правила и процедури на работење

### Потребни квалификации и компетенции:

- Завршено или тековно високо образование
- Изразен интерес за работа со луѓе
- Иницијативност, одговорност и способност за тимска работа
- Добри комуникациски и организациски вештини
- Добро познавање на англиски јазик (пишан и говорен)
- Солидно познавање на MS Office пакетот (Excel, PowerPoint, Word)

### Што нудиме:

- Практикантска работа со индивидуален менторски пристап
- Можност за стекнување практично знаење во современа индустриска компанија
- Поддржувачка и професионална работна средина
- Можност за понатамошен развој и потенцијално вработување

Напомена: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат, обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Кандидатите можат да ја повлечат својата дозвола за обработка на нивните лични податоци во секое време со испраќање на известување на електронската пошта: HRJobs.Skopje@libertysteelgroup.com Либерти Скопје е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.